РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-2475/4

04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2475/1 од 21.07.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во врска со полагање на државен испит за наставник од страна на вработено лице во ОУ ----, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, поради тоа што за предметниот случај постапил друг надлежен орган кој не констатирал неправилности во предметната постапка.

Предметот со број 12-2475/1 од 21.07.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК, поднесена е анонимна пријава со наводи за сомневање за незаконитости во врска со полагањето на државниот испит за наставник од страна на вработено лице во ОУ ----, по што е оформен предмет број 12-2475/1 од 21.07.2026 година.

Со пријавата се оспорува исполнетоста на условите за полагање на државниот испит за наставник од страна на лицето ----, вработено во ОУ -----. Според пријавителот, именуваниот го положил наведениот испит без претходно да го има потребното работно искуство како одделенски наставник за да може да го полага испитот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, ДКСК побара информации и податоци од Државниот испитен центар.

Државниот испитен центар, постапувајќи по барањето на ДКСК, достави одговор со кој ја извести ДКСК за условите и документацијата врз основа на која лицето ---- бил пријавен за полагање на стручниот испит. Во одговорот е наведено дека, согласно член 2 од Законот за наставниците и стручните соработници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19), наставникот и стручниот соработник кој за првпат се вработува во основно односно средно училиште е наставник-приправник односно, стручен соработник-приправник, при што приправничкиот стаж по правило трае една година. По истекот на приправничкиот стаж, приправникот полага стручен испит.
Во конкретниот случај, Државниот испитен центар констатирал дека лицето ---- доставил пријава за полагање на стручниот испит, заверена со број ---- од ---- година, кон која била приложена документацијата предвидена со член 5 од Правилникот за програмата за полагање на стручниот испит на наставник-приправник и стручен соработник-приправник и за начинот на спроведувањето на стручниот испит („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/20).
Кон доставената документација, меѓу другото, бил приложен преглед на регистрирани податоци во матичната евиденција на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување од ---- година, како документ релевантен за утврдување на остварениот работен стаж на кандидатот, од кој може да се види од кога истиот е пријавен во училиштето.

Кон пријавата биле приложени и Извештај од ментор и Извештај за совладување на основните компетенции на наставник-приправник, и подготвеност за полагање на стручниот испит, предлог на наставничкиот совет за полагање на приправничкиот испит за наставник-приправник и друга документација предвидена со Правилникот.

Државниот испитен центар од увидот во доставената документација констатирал дека кон пријавата биле содржани документите предвидени со член 5 од Правилникот, односно документација за совладаните основни професионални компетенции и подготвеноста за полагање на стручниот испит, податоци за остварениот работен стаж, доказ за соодветното образование, студија на случај и доказ за уплатен надоместок. Понатаму, од Извештајот на менторот, Извештајот за совладување на основните професионални компетенции и подготвеноста за полагање на стручниот испит, како и од предлогот на наставничкиот совет за полагање на приправничкиот испит, Државниот испитен центар констатирал дека во училиштето била спроведена постапка

во врска со приправничкиот стаж и исполнувањето на професионалните компетенции на кандидатот.
Врз основа на расположливата документација во Државниот испитен центар, констатирано е дека лицето ---- бил пријавен за полагање на стручниот испит и дека кон пријавата ја доставил документацијата предвидена со член 5 од наведениот Правилник, а приправничкиот стаж на истото лице изнесувал една година кој бил реализиран во период од ---- до ---- година, што соодветсвува со законската одредба која го уредува приправничкиот стаж за наставници.

Од сето погоре наведено, ДКСК констатира дека во пријавениот случај постапил друг надлежен орган - Државен испитен центар кој при своето надлежно постапување не констатирал неправилности во предметната постапка кај пријавеното основно училиште што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател,

Адем Чучуљ

Изработил: К.К., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar